## ОПШТИНА БИТОЛА

**Бр. 08 – 996 /2020 од 06.11.2020 год.**

Врз основа на член 46 од Законот за урбанистичко планирање(''Службен весник на Република Северна Македонија'' број 32/2020), **Градоначалникот на Општина Битола, објавува:**

# ЈАВЕН ОГЛАС

за пријава за членови на

## Партиципативно тело за урбанистичко планирање на Општина Битола

1. **Предмет на Јавниот оглас:** Пријава за членови на Партиципативно тело за урбанистичко планирање, кое се формира со цел обезбедување на инклузивност, партиципативност и јавност во процесот на урбанистичкото планирање на подрачјето на Општина Битола.
   Партиципативното тело ги претставува сите различни интереси и интересни групи во локалната заедница, ги пренесува ставовите, мислењата и потребите на граѓаните и правните лица во процесот на урбанистичко планирање, ги следи состојбите во планирањето преку давање иницијативи, насоки и сугестии за изготвување на плански решенија, има консултативна улога во постапката за изработување и донесување на плановите, ги разгледува планските програми и планските решенија на урбанистичките планови во нивната работна верзија.
   Партиципативното тело има право да расправа за сите работи од надлежност на единицата на локалната самоуправа и може да влијае на планските решенија и политиките на просторен развој преку презентирање на своите мислења на Советот на општината.

2. **Услови за учество во Партиципативното тело:** Пријава по овој Јавен оглас можат да поднесат сите заинтересирани лица кои се претставници од урбаните и месни заедници или претставници на невладина организација од различни сегменти на урбаниот живот, здруженија на граѓани и граѓански активисти од подрачјето на Општина Битола што ги претставуваат различните групи на граѓани, граѓани што се стручни лица од областа на урбанистичкото планирање и други стручни области суштествени за планирањето и одржливиот развој на Општина Битола.

3. **Документи кои се поднесуваат:**

   - Пријава за член на Партиципативно тело за урбанистичко планирање на Општина Битола(образецот е во прилог на повикот)
   - Кратка биографија со образложение за начинот на кој заинтересираното лице смета дека ќе придонесе во работата на Партиципативното тело

- Изјава за давање на согласност за заштита на личните податоци(образецот е во прилог на повикот)
- Изјава за прифаќање на условите по овој повик(образецот е во прилог на повикот)
- Релевантен писмен доказ за исполнување на условите за учество од точка 2 на јавниот оглас(копија)

4. **Рок и место на поднесување на пријави:** Пријавите по Јавниот оглас со комплетна документација да се достават до архивата на Општина Битола или преку пошта на адреса: Општина Битола, ул.Булевар 1-ви Мај, бр.61, Битола 7000, во периодот од 06.11.2020година до 07.12.2020година.
   На пријавата да се наведе: ,,Пријава по Јавен оглас за членови на Партиципативно тело за урбанистичко планирање на Општина Битола''.

5. **Начин на работа:** Начинот на работа и бројот на членови на Партиципативното тело се уредуваат во Деловникот на Партиципативното тело што го донесува Советот на Општина Битола.
   Учеството во работа на Партиципативното тело е на доброволна основа и за истото не е предвиден надоместок

6. **Дополнителни информации:** Лицата чии што пријави ќе бидат прифатени, ќе бидат известени во писмена форма

Контакт лице: Ангела Ристевска, тел. 047/208 311